Архивски број: 08-297/10

30-06-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-297/1 од 17.3.2025 година поднесена од со адреса на живеење на зо Скопје против директорка на ООУ „Гоце Делчев“ - Центар, Скопје – за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност, социјално потекло, имотен статус и семејна состојба во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 258/2020) на ден 12.6.2025 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на директорката на ООУ „Гоце Делчев“ - Центар, Скопје - врз врз основа на политичка припадност, социјално потекло, имотен статус и семејна состојба во областа на работата и работните односи.

## Образложение

На ден 17.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**“) е поднесена претставка заведена под архивски број 08-297/1 од страна на против ООУ „Гоце Делчев“ - Центар, Скопје – врз основа на политичка припадност, социјално потекло, имотен статус и семејна состојба во областа на работата и работните односи.

Подносителката на претставката наведува дека по донесувањето на Решение за дисциплинска мерка од страна на директорката на училиштето со арх.бр. ѝ била изречена парична казна од 15% од месечната нето плата во траење од шест месеци. Подносителката доставила жалба до Училиштен одбор, кој донел Одлука бр година со која била делумно уважена жалбата, поточно казната била намалена на 10%. Во продолжение, подносителката објаснува дека имало повреди во дисциплинската постапка, во кои меѓу другото наведува дека не ѝ било врачено Решението за поведување на дисциплинска постапка, не ѝ била побарана изјава или докази, одлуките биле донесени без нејзино присуство, не било обезбедено присуство на синдикален претставник и слично. Понатаму, подносителката укажува на повреди сторени од страна на Училишниот одбор, односно наведува дека имало неправилности во одлуката, надминување на рамките на дисциплинската постапка, пристрасност при разгледувањето на изјавите на сведоците, повреди на законската процедура и неосновани обвинувања за новогодишниот базар. Во следниот дел од претставката, подносителката наведува дека се соочувала со вознемирување на работното место и дискриминација. Имено, од работното место одделенски наставник била прераспоредена во наставник во продолжен престој без образложение, не ѝ биле овозможени присуство на семинари, екскурзии други обуки, додека други наставници имале можност да ги остварат истите. Понатаму, таа наведува дека на наставнички совети била изложена на јавни понижувања, критики и навреди, колешката по барање на директорката вршела притисок врз други наставници, ученици и родители да даваат негативни изјави против подносителката. Дополнително, подносителката наведува дека директорката имала политичка поврзаност со инспекторката во Државен просветен инспекторат - таа смета дека тоа имало влијание врз пристрасноста на инспекцискиот надзор. Во таа насока, таа наведува и дека ѝ било одбиено



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

правото на напредување иако имала искуство од 17 години. На крајот од претставката, подносителката наведува дека не постоеле докази за каква било дисциплинска повреда, казната била несразмерна и во решението не биле наведени конкретни факти кои укажувале на прекршување на Законот за наставници.

<u>Во прилог на претставката беше доставена следната документација:</u>

1. Жалба на Решение бр. одина
2. Полномошно
3. Дополнување на Жалба до Училиштен одбор
4. Решение со одина
5. Одлука со бр. на

Од причина што во претставката не беше јасно образложението во однос на тоа кои се околностите и фактите врз основа на кои се темели претставката на подносителката, не беше јасно наведена дискриминаторската основа и како таа влијаела врз наводниот третман, како и поради тоа што не беше јасно посочено лицето или институцијата против кое се поднесува претставката, Комисијата во согласност со член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на адресата на подносителката по поштенски пат испрати Барање за доуредување на претставка со бр. 08-297/2 од 19.3.2025 година.

На ден 26.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на подносителката беше доставено Доуредување на претставката со бр. 08-297/3. Подносителката наведува дек претставката се поднесува против погоре именуваната и како дискриминаторски основи наведува политичка припадност, социјално потекло, имотен статус и семејна состојба. Подносителката наведува дека на ден 25.12.2024 година во училиштето бил организиран новогодишен базар од 14 до 16 часот. Таа наведува дека колешката со која го делела одделението, го напуштила базарот порано и било најавено дека на нејзино место ќе дошла родителка на дете од одделение. Заедно со родителката биле пребројени парите и истите биле предадени кај одговорното лице. Таа наведува дека следниот ден именуваната колешка заедно со друга колешка дале изјава дека подносителката викала гласно по ходниците и ја навредувала именуваната. На ден 17.1.2025 година директорката најавила дека ќе формира комисија од нејзини луѓе и дека ќе ја избркала подносителката од работа, притоа навредувајќи ја со погрдни зборови. На ден 20.1.2025 година била формирана дисциплинска комисија со лице претставник на синдикат со кое подносителката водела судски спор. Наведено е дека Училишниот одбор го проширил предметот и го оценувал досието на подносителката. Во продолжение, наведено е дека директорката ја прераспоредила подносителката од одделенски наставник во одделенски наставник во продолжен престој, не ѝ било дозволено да се усовршува со посета на семинари, не ѝ било дозволено да оди на екскурзии, не ѝ било дозволено да присуствува на родителски средби, ја навредувала пред родители. Понатаму, наведено е дека именуваната колешка на средба одржана на 23.1.2025 година ѝ се заканувала дека ќе повика полиција доколку подносителката не ја напушти родителската средба. Наведува дека не ѝ било дозволено да добие техничка поддршка – лаптоп за извршување на работните задачи, додека дел од колегите имале добиено и втор лаптоп. Секоја година ѝ била менувана групата на работа со ученици, само таа работела во комбинирани паралелки со над 30 ученици. Дополнително, наведува дека директорката континуирано ја прозивала на секој совет и ја обвинувала за работи коишто подносителката ги немала сторено. Подносителката наведува дека не била покрената дисциплинска постапка против колешката којашто порано го напуштила базарот. Во продолжение, таа наведува дека наставничката била одговорна кога во 2021 година ученичка била пронајдена на улица ученичка од одделение била вратена во училиштето од страна на полицијата, притоа не била поведена дисциплинска постапка. Дополнително, наведено е дека наставничка по атила дете

за врат и притоа не било преземено ништо од страна на директорката. Во таа насока, наведено е дека на ден 13.11.2023 година била одржана вонредна родителска средба по барање на родители од причина што наставничката вршела притисок врз родителите и децата да даваат лажни изјави и ја обвинила дека имала физички нападнато дете ученик, иако родителот дал изјава дека истото не се случило. Подносителката наведува дека од овие причини ѝ било нарушено здравјето. Таа тврди и дека сите членови на дисциплинската комисија биле припадници на политичката партија како и дека директорката ѝ се заканувала со отказ доколку не ги повлече пријавите кај институциите. Дополнително на ова, подносителката наведува дека била дискриминирана поради тоа што потекнувала од скромно работничко семејство и не била мажена. На ден 25.3.2025 година била опомената зошто барала заштита и помош од синдикат.

<u>Во прилог на доуредувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Решение со дина
2. Кореспонденција на мобилната апликација „Вибер"
3. Известување со бр година од ООУ „Гоце Делчев" – Центар, Скопје
4. Записник од родителска средба
5. Известување од Државен просветен инспекторат одина
6. Записник од одржан новогодишен базар
7. Лекарски извештај
8. Фотографии од списоци
9. Фотографии од водени училишни дневници
10. Решени за изрекување парична казна со година
11. Решение со бр. одина
12. Список од родители
13. Жалба од од година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.3.2025 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до директорката на ООУ „Гоце Делчев" – Центар, Скопје – аведено под архивски број 08-297/4.

На ден 23.4.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите од претставката од страна на директорката ООУ „Гоце Делчев" – Центар, Скопје – заведено под архивски број 08-297/5.

Наведено е дека подносителката во два наврати имала доставено претставки до Државен просветен инспекторат и до Државен инспекторат за труд. Се наведува дека и покрај сите заложби и укажувања од страна на директорката за соработка на вработената со колегите не вродиле со плод. Во таа смисла, објаснето е дека со колегите со кои подносителката била ставена да работи во пар во исто одделение, по краток временски период влегувала во конфликтни ситуации кои завршувале во полиција или во Државен просветен инспекторат. Наведено е дека директорката никогаш немала никаков проблем со некој вработен освен со подносителката на претставката. Понатаму, наведено е дека во досието на подносителката имало и Писмена опомена од претходното одговорно лице, а чести биле и поплаките од родители и колеги кон подносителката.

<u>Во прилог на Произнесувањето беше доставена следната документација:</u>

1. Писмена опомена на о арх.бр. година
2. Полномошно од со арх.бр. одина
3. Записник од Совет на одделенски наставници со арх. ина
4. Записник од Наставнички совет со арх.бр. година


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

5. Изјави од родители и вработени
6. Барање за поведување на дисциплинска постапка со арх.бр. година
7. Решение за формирање на дисциплинска комисија со ахр.бр. година
8. Достава на Решение за поведување на дисциплинска постапка и Барање за достава на изјава со арх.бр ина
9. Достава на Решение за изречена дисциплинска мерка со арх година
10. Достава на Одлука по жалба од Училиштен одбор со арх. бр. ина
11. Покана до членови на Училиштен одбор со арх.бр. година
12. Записник од Училиштен одбор со арх бр. одина
13. Потврда од Министерството за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи Скопје одина
14. Записник од извршен вонреден инспекциски надзор со арх.бр година
15. Жалба од рх.бр. година
16. Известување по Жалба со арх.бр одина
17. Записник од Наставнички совет со арх.бр. дина
18. Дел од Статут на ООУ „Гоце Делчев“ – Центар, Скопје, со бр. 01-277/1 од 10.12.2019 година
19. Записник од извршен вонреден инспекциски надзор со арх.бр. година – Државен просветен инспекторат
20. Записник од извршен вонреден инспекциски надзор со арх година - Државен инспекторат за труд
21. Записник од извршен вонреден инспекциски надзор со арх.бр. година - Државен просветен инспекторат
22. Записник од извршен вонреден инспекциски надзор со арх.бр. година - Државен инспекторат за труд
23. Барање од наставници од 1 одина

**Видно од приложената писмена опомена од 10.2.2015 година, подносителката меѓу другото не ја почитувала организацијата за работа во продолжен престој, не комуницирала и не соработувала со други колеги, не ги почитувала правилата на однесување, надвор од програмата организирала часови по физичко и здравствено образование и ги оставала децата без надзор. Видно од приложената документација произлегува дека вработени барале да не соработуваат со подносителката поради негативното долгогодишно искуство. Притоа, од страна на родителка е наведено дека наставничката го навредувала нивното дете поради неговиот физички изглед. Дополнително на ова, подносителката ја имала пријавено во полиција колешката ради физички напад на работното место. Во доставената потврда од Министерството за внатрешни работи – Сектор за внатрешни работи, било констатирано дека пријавената не била сторител на наведените малтретирања.**

На ден 9.5.2025 година, во согласност со член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација , извршија увид во документацијата на ООУ „Гоце Делчев“ – Центар, Скопје. На почетокот од средбата, директорката истакна дека подносителката на претставката и претходно поднесувала претставки до различни државни органи, вклучително и пријави до полиција. Таа ја опиша подносителката како конфликтна личност која имала нарушени односи со речиси сите колеги и не успевала да функционира во тим. Наведе дека подносителката е вработена во училиштето од 12.2.2005 година и дека нејзиниот работен

однос бил трансформиран. Беше извршен увид во писмена опомена на издадена од страна на поранешната доставена како копија до претставниците на Комисијата. Директорката дополнително посочи дека имало инцидент во кој наставничката се заканувала на учениците дека „ќе ги носи кај што, според неа, предизвикало револт кај – припадник на ромската заедница. Таа нагласи дека сите вработени се третирани еднакво. Понатаму, таа посочи дека ученици често одбивале да посетуваат дневен престој поради наставничката. Директорката наведе дека во неколку наврати се обидела да разговара со наставничката и да ѝ укаже на потребата од подобра комуникација. Комисијата изврши увид и во дополнителна документација, изјави од родители кои не беа приложени во претходното произнесување, во кои се наведуваат поплаки на родители за несоодветно однесување на наставничката кон нивните деца.

На ден 22.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Дополнување на претставката од страна на подносителката, заведено под архивски број 08-297/7.

Наведено е дека претставката се однесува и на дискриминација по основ на образование. Во таа смисла, подносителката наведува дека била магистер со 9.00 просек. Таа била професионален и одговорен наставник и немала проблеми ниту со едно дете или родител, туку само пофални зборови. Наведено е дека на ден одина директорката ја навредувала, клеветела и понижувала пред сите колеги на одржан наставнички совет на кој ѝ се заканувала со отказ ако не ја повлече претставката во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Понатаму, наведено е дека вознемирувањето на работното место продолжувало со тоа што директорката ја терала подносителката да држи слободни и други активности за коишто не била одговорна, како и дека се мешала во нејзината работа.

Во прилог на Дополнувањето беше приложена следната документација:

1. Уверение од Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје со бр. ина
2. Фотокопија од индекс
3. Записник од одржана родителска средба на ден цина

На ден 14.5.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Дополнување на претставката од страна на подносителката, заведено под бр. 08-297/8 од 13.6.2025 година.

Подносителката достави до Комисијата Известување од Државен просветен инспекторат бр. (а и фотографија од објава на социјалната мрежа „Фејсбук".

**Во таа смисла, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

**Со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** *„се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа."*

**Во конкретниот случај, подносителката на претставката не стори веројатно дека врз неа е извршена дискриминација од страна на директорката на ООУ „Гоце Делчев" – Центар, Скопје - Имено, врз основа на целосно разгледаната документација и извршениот увид, произлегува дека наводниот третман и дисциплинската постапка спроведена против подносителката се резултат на конкретни службени настани поврзани со организацијата и текот на новогодишниот базар, како и на претходното поведение на работното место, вклучително и евидентирани конфликти со колеги и поплаки од родители.**

**Дотолку што, во персоналното досие на подносителката се наоѓа и писмена опомена за несоодветна комуникација и нарушени работни односи од претходното одговорно лице. Во таа смисла, не беше доставен доказ кој би го поткрепил тврдењето дека наводниот третман од страна на директорката се темели врз дискриминаторски мотиви, односно не произлегува дека директорката постапувала селективно во сите погоре наведени ситуации врз основа на некоја од наведените заштитени карактеристики.**

**Дополнително на ова, наводите за различен третман кон други вработени кои наводно сториле посериозни повреди не се поткрепени со конкретни или релевантни докази. Подносителката не понуди фактичка споредливост со друг вработен во иста или слична ситуација, а кој бил третиран поповолно.**

Врз основа на наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
- ООУ „Гоце Делчев" - Центар, Скопје, Градски ѕид бр.34, 1000 Скопје